ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ОЖОСВН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2019



Издавач: Здружение Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН)

Адреса на издавачот: ул. Ленинова бр.1-1/4, п.фах 13 2220 Свети Николе, Република Македонија

Контакти: Тел.: 032 444 620,

факс: 032 444 620,

e-mail: womsvetinikole@yahoo.com,

web site: www.womsvetinikole.org.mk

Претседателка: Даниела Панева

Координаторка на извршна канцеларија: Јасмина Трајчева

Фотографии: Фотоархива на ОЖОСВН

Подготвила и уредила: Јасмина Трајчева

# СОДРЖИНА

За ОЖОСВН ______ 3

Здравствена програма ______ 4

Програма за деца и млади ______ 6

Програма за човекови права ______ 7

Мрежи, вмрежување, соработка ______ 11

Организација/изборно собрание ______ 12

Финансиски извештај ______ 13

# За ОЖОСВН

Идејата за формирање на здружението Организација на жените на општина Свети Николе беше поттикната од страна на жени-борци за човековите права, пред се борци за почитување и афирмирање на правата на жените. На локално ниво иницијативата ја покренаа 7 жени од општина Свети Николе кои се водат како основачи на Здружението, а врз основа на слободно здружување на граѓанките за остварување на нивните интереси и превземања на активности за подобрување на целокупната состојба пред се на жените во општеството, но и на децата и младите. Организацијата е продолжување на поранешното женско движење во Македонија и дејствува како невладина, непрофитна и независна организација која како правен субјект постои со решение издадено од Основен суд Свети Николе од Декември 1990 година.

## Визија, мисија, програми

Визија: ОЖОСВН е водечка сила на женското и граѓанското движење, која создава позитивни промени во општеството и придонесува за општа благосостојба на сите граѓани.

Мисија: ОЖОСВН активно работи за подобар квалитет на живот на граѓаните и граѓанките и почитување на човековите права со акцент на правата на жените и девојките.

Во согласност со визијата и мисијата организацијата продолжуваме да работиме на трите главни програми: Програма за човекови права со акцент на правата на жените, Програма за деца и млади и Здравствена програма, а со пофокусирани и специфични цели на делување.

### Цели

Стратешка цел 1: Придонес кон подобра здравствена заштита на населението во Македонија

Стратешка цел 2: Подобрување на положбата на децата и младите во заедницата и нивно вклучување во општествените текови

Стратешка цел 3: Почитување и унапредување на човековите права, со акцент на правата на жените

## Методи

Методите на работа се инклузивни кон сите конституенти. Ги вклучуваме во сите фази од реализирање на некоја активност, преку истражување, анкети, при планирање на активности, при имплементација на истите и нивна евалуација. ОЖОСВН е препознатлива во средината во која работи и има одлична соработка со локалните општествени чинители, локални организации и институции, здруженија на граѓани и во многу мала мера со локалниот бизнис сектор. Најчесто иницираме, поддржуваме и реализираме заеднички акции и активности во партнерства со нашите конституенти, партнери и институции кои се во интерес на нашите целни групи и се залагаат за исти каузи и влијаат и придонесуваат кон позитивни промени во заедницата.

## Здравствена програма

### Заштита, превенција и унапредување на женското здравје и унапредување на здравјето на општата популација

**Здравствената програма** се состои од активности и дејности насочени кон исполнување на стратешката цел 1- Придонес кон подобра здравствена заштита на населението во Македонија**.**

Таа е една од примарните програми која постои и функционира од самото основање на Организацијата. Преку оваа програма, ОЖОСВН се стреми да придонесе кон подобра здравствена заштита на населението во Македонија воопшто, со приоритет на жените и младите, а особено жените заболени и лекувани од малигни заболувања. Во рамки на Здравствената програма, повеќе од 15 години е воспоставена и функционира Група за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни заболувања.



Во текот на 2019 година во рамките на оваа програма беа опфатени повеќе од 500 жени и девојки, главно преку едукативни работилници, групата за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни заболувања, јавни трибини, директна помош, тренинзи, партнерства и соработки. Со своите активности во рамки на здравствената програма ОЖОСВН се труди на секој начин да придонесе за подобро справување со болеста, но и превенција и надминување на истата. Годинава успеавме да обезбедиме 6 нови перики, повеќе од 20 едукативни работилници, турбани итн. Од јануари 2019 година, Министерството за здравство, за прв пат почна да обезбедува бесплатни ортопедски градници еднаш годишно, за жените што се оперирани од рак на дојка и имаат потреба од истиот.

- **Заедно да го победиме ракот и придонесеме за поквалитетен живот на групата за самопомош-3**



Период на имплементација: 01/01-31/12/2019 година

Цел: Зајакната самодоверба на жените од групата за самопомош за полесно надминување на последиците од малигната болест преку давање на соодветна стручна психосоцијална помош, вежби и поддршка

Целна група: жени-членки на групата за самопомош, жени и девојки од општина Свети Николе, заболени и лекувани од малигни болести и општа популација



Активности и резултати: 13 едукативни и терапевтски работилници водени од докторка и психолог на различни теми, на кои учествуваа вкупно 248 жени; 2 креативни работилници за изработка на велигденски декорации, на кои учествуваа вкупно 30 жени; 4 работилници со физички и рекреативни вежби, водени од професорки по физичка култура, на кои учествуваа вкупно 60 жени и јавна трибина на тема Нови начини на дијагностицирање на рак на дојка отворена и за пошироката јавност, а на која учествуваа вкупно 50 лица.



*Проектот финансиски е поддржан од Локална самоуправа Свети Николе*

- **Смарт Старт „Виктори Декорации“**







Во март 2019 година заврши со реализација регрантирањето од проектот Смарт Старт кој требаше да придонесе кон воспоставување на функционално социјално претпријатие Виктори Декорации. За жал, социјалното претпријатие и покрај тоа што има воспоставено почетни услови за работа и располага со определени ресурси за работа, по завршувањето на проектот, сепак престана да функционира бидејќи не сме во можност да обезбедиме плати за ангажираните лица. Во секој случај, ОЖОСВН не се откажува од идејата за долгорочно функционирање на социјалното претпријатие и постојано е во потрага по нови можности, затоа што на тој начин, директно придонесуваме за подобра вработливост на социјално и здравствено загрозени категории на жени, придонесуваме да се подобри финансиската и општата состојба на жените заболени од малигни заболувања, како и нивната социјализација и поттикнуваме поголема свесност за значењето на социјалното претприемништво.



Завршниот настан од проектот Смарт Старт се оддржа на 15 март во Скопје, каде Виктори Декорации заедно со останатите 9 социјални претпријатија поддржани преку регрантирање од овој проект имаа свои презентации пред присутните.
ОЖОСВН со свои ракотворби и изработки од Виктори декорации, учествуваше на базар за рачни изработки во Скопје, а на покана и во организација на Креатив Македонија.
*Проектот е суб-грантиран од Центар за истражување и креирање политики, Скопје.*



- **Велигденски хуманитарен базар**

Во рамките на оваа програма, по четврти пат годинава, се оддржа традиционалниот хуманитарен Велигденски штанд.
Дел од жените членки во групата за самопомош заедно со младите волонтери од ОЖОСВН пред велигденските празници изработија креативни рачни велигденски декорации. Истите, во пресрет на Велигден беа продавани на штанд во центарот на градот и пред црковниот храм, а светиниколци уште еднаш ја покажаа својата хуманост и солидарност преку своите донации. Собраните средства се наменети за помош и поддршка на групата за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни заболувања и останати лица од општина Свети Николе кои се соочуваат со болеста.




- **Свети Николе во розево-Октомври, месец за борба против рак на дојка**




Годинава, за прв пат жените од Свети Николе се солидаризираа и без разлика на својот општествен, политички, социо-економски статус, здружено организираа кампања за одбележување на Октомври-месец за борба против рак на дојка и подигање на свеста за превенција и грижа за сопственото здравје. Претставнички од женските организации во градот (ОЖОСВН, актив на жените пензионерки во рамки на Здружение на пензионери), активите на жени од политичките партии (унија на жени-ВМРО и форум на жени-СДСМ), претставнички од локалните образовни институции и здравствениот дом, со поддршка од Претседателката на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на општина Свети Николе и координаторката за еднакви можности, формираа работна група и заеднички креираа активности. На настанот, кој се оддржа на 26 октомври на градскиот плоштад во Свети Николе, учествуваа над 100 граѓани и граѓанки, а настанот беше проследен со културно-уметничка програма од учениците од општинските училишта, делење на едукативни




флаери и розева прошетка низ центарот на градот. Овој настан имаше и хуманитарен карактер, на кој се продаваа розеви маици, а средствата од продажбата и донациите потоа беа искористени за набавка на перики, кои понатаму ќе бидат достапни за жените кои имаат потреба од тоа.

*Активностите финансиски беа поддржани од буџетот на општина Свети Николе, издвоен за активности на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените.*




Покрај поддршката и грижата за здравјето на жените, ОЖОСВН посветува внимание и на здравјето на општата популација, вклучително и мажите. Во текот на месец ноември, организацијата се приклучи кон одбележување на Мовембер движењето за поддршка на машкото здравје, при што реализираше онлајн кампања за подигање на свеста на мажите за грижа и поддршка на машкото здравје.

## Програма за деца и млади

**Подигање на знаењата и капацитетите кај децата и младите преку разни форми на неформално образование, Младински информативен и креативен клуб, Детски клуб, Промоција и развој на волонтерска работа**




**Програмата за деца и млади** се состои од активности и дејности предвидени за постигнување на стратешката цел 2: Подобрување на положбата на децата и младите во заедницата и нивно вклучување во општествените текови.

Програмата за деца и млади постои и функционира во рамките на ОЖОСВН од 2001 година и претставува продолжување на Вавилон центарот кој функционираше во рамките на ОЖОСВН во периодот 2001-2006 година. ОЖОСВН има широка мрежа на партнерски организации од земјава и странство и во соработка со нив нуди можности за учество на младите од општина Свети Николе и пошироко, на семинари, обуки, младински размени, летни едукативни кампови, работилници, конференции, како во земјава, така и во странство.

Во текот на 2019 година, младите во континуитет посетуваа обуки, тренинзи, конференции во земјава и странство преку што се опфатија 30ина млади од општината кои стекнаа нови знаења, вештини, искуства.




- HERO - Human Rights Education Opportunity - Во 2019 година Организација на жените на општина Свети Николе беше партнер организација на невладината организација Carpe Diem од Карловац, Хрватска, а како дел од Erasmus+ програмата. Во рамките на овој проект, во текот на јули месец се реализираше онлајн кампања за подигање на свеста на младите за човековите права. Во периодот од 03-10/08/2019 двајца младински претставници од ОЖОСВН, учествуваа на тренингот насловен како HERO - Human Rights Education Opportunity. На тренингот, учество зедоа по двајца претставници од 15 држави (Бугарија, Кипар, Хрватска, Италија, Косово, Унгарија, Македонија, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Србија, Шпанија, Шведска и Украина). Тренингот



имаше за цел да ги подготви и научи учесниците на тренингот да станат младински работници кои ќе работат врз основа на принципите на човековите права и младите и нивната перцепција за човековите права. На самиот



тренинг произлезе Кодекс на однесување (Code of conduct) изработен од страна на учесниците, а со цел да се истакнат и почитуваат вредности што еден работник за млади треба да ги поседува и применува во работата со млади.

Стекнатите знаења и вештини, учесниците на тренингот од секоја организација, понатаму ги десиминираа на млади членови, волонтери и поддржувачи во нивните матични организации. На 24 септември во просториите на организацијата се одржа работилница за 20 млади со цел нивно запознавање со основата и преамбулата за човекови права, но и десиминирање на знаењата и искуствата стекнати на тренингот во Карловац.



- ОЖОСВН е членка и на двете најголеми мрежи на младински организации (Коалиција на младински организации и организации кои работат со млади-СЕГА и Национален младински совет на Македонија), па голем дел од активностите за млади ги извршува преку овие мрежи. Најголем успех во изминатата година е што за прв пат се донесе закон за млади во државата - Закон за младинско учество и младински политики.

Како дел од Коалиција СЕГА повеќе од 10 млади од општина Свети Николе беа вклучени во програми за јакнење на капацитетите на младите преку обука за застапување и лобирање, развој на волонтерската работа и нејзини предизвици, младинско учество, младинско здружување итн. Исто така, во периодот јуни-август 2019 година, ОЖОСВН се приклучи и беше дел од онлајн кампањата која ја реализираше СЕГА во рамките на проектот “Препознај, превенирај и примени мерки против насилство”. Кампањата имаше за цел да се подигне свеста на учениците и младите за превенција на насилството во училиштата преку online флаери со информации за начините на насилството меѓу младите, препознавање на интернет насилство и пораки лесно разбирливи за младите.




## Програма за човекови права

| |
|---|
| **Подигната јавна свест за почитување на основните човекови права, промовирање и спроведување на законски регулативи за правата на жените, промовирање на родовата рамноправност, подигање на јавната свест за намалување на дискриминација врз разни основи, јакнење на соработката со владини и невладини организации/институции за почитување и промовирање на родовата рамноправности и еднакви можности меѓу половите** |

**Програмата за човекови права/права на жената** се состои од активности и дејности предвидени за постигнување на стратешка цел 3: Почитување и унапредување на човековите права, со акцент на правата на жените.

Програмата за човекови права има за цел да придонесе кон промовирање и почитување на човековите права со акцент на правата на жените, елиминирање на сите форми на дискриминација и насилство врз жените, како и поголема родова еднаквост. Преку оваа програма ОЖОСВН, има за цел подигање на јавната свест кај жените, но и




младите, за постоењето на проблемите со семејно насилство, трговија со луѓе, нивно препознавање и последиците од сето тоа, родовата еднаквост и почитување на родот и полот, како и поголема свесност за формите и основите на дискриминација. Во рамките на програмата се работи и на донесување на јавни документи, како и на поголемо учество на жените и граѓаните во процесите на донесување одлуки, со акцент на жените и девојките од руралните средини.

Во 2019 година, во рамките на оваа програма најголем акцент се стави на родовата еднаквост, почитување на правата на жените, вклучување на жените во општествените процеси на локално ниво и поголема видливост на жените, особено од руралните средини. Преку оваа програма беа опфатени повеќе од 500 жени на локално ниво, 9 локални самоуправи, повеќе од 20 граѓански организации кои работат со жени и/или човекови права, беа изработени 3 истражувања и излобирани директни промени во општинските политики во повеќе од 5 општини.

- **„Зајакнување на демократијата преку унапредување на родовата еднаквост, функционалните механизми и динамичното граѓанско општество“**




Период на имплементација: 02/04/2018-31/03/2020 година

Цел: Креирање на поволни услови за имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и интегрирање на родовиот аспект на ниво на политики.

Целна група: граѓански организации од Вардарски плански регион и локалните механизми за родова еднаквост од општините Свети Николе, Велес, Кавадарци, Неготино и Демир Капија



Активности и резултати: Беа суб-грантирани 6 локални организации кои работат со женски и/или човекови права; Изработено истражување за проценка на потребите на комисиите за еднакви можности помеѓу жените и мажите во 9 општини, вклучени 16 истражувачки и интервјуирани 27 претставници од локални механизми за родова еднаквост; Средба за вмрежување со субгрантистите; Вкупно 37 претставници на КЕМЖМ, координаторки за еднакви можности и локалната администрација од општините Свети Николе, Велес, Кавадарци, Неготино и Демир Капија учествуваа на два тридневни тренинзи каде се запознаа со основниот концепт за родова еднаквост и човекови права, продлабочување на разбирањето за последиците од родови слепи локални политики, родовата анализа како клучна алатка за унапредување на родовата еднаквост, вклучително и практикување на аналитички алатки итн.; 20 претставници од 13 граѓански организации стекнаа вештини за менторска работа и менторирање во процеси на изработка на родови локални политики; Обезбедена менторска поддршка и консултации за комисиите за еднакви можности помеѓу жените и мажите и координаторите за еднакви можности во петте таргетирани општини и унапредени механизми за родово разделни статистики, подобрен консултативен процес со жените на локално ниво при креирање на локалните политики; вкупно 22 лица (претставници од суб-грантираните организации, претставници од таргетираните општини-координатори за еднакви можности меѓу жени и мажи и Претседатели на





комисии за еднакви можности помеѓу жените и мажите, преведувачи и проектен тим беа дел од четиридневна студиска посета во Стокхолм, Шведска; Спроведено истражување за идентификување на предизвиците и потребите со кои се соочуваат жените и девојките во 10 рурални средини (по 2 села од секоја општина), преку фокус групи на кои учествуваа вкупно 107 жени и девојки; Спроведена ревизија на работните програми на комисиите за еднакви можности помеѓу жените и мажите во петте таргетирани општини, нивно ревидирање, изработка на нови и усвојување од страна на локалните совети во сите општини како официјални програми за работа во рамките на работата на Советите за 2020г.; реализирана регионална конференција „Можности и предизвици на жените од руралните средини од Вардарскиот плански регион“- по повод Меѓународниот ден на жените од руралните средини - 15 Октомври, а со цел да се обезбеди поголема видливост и вклученост на овие жени на локално ниво и нивна поголема соработка со локалните власти и на истата присуствуваа вкупно 60 учесници.



Локација: Свети Николе, Велес, Кавадарци, Неготино и Демир Капија

Имплементатори: The Kvinna Till Kvinna Foundation и Организација на жените на општина Свети Николе.

*Проектот финансиски е поддржан од Делегацијата на Европска Унија*

- **Јаки жени, ја јакнат заедницата**




Период на имплементација: 01/09/2019-31/12/2020 година

Цел: Придонес кон креирање на можности за поголема вклученост на жените и девојките од руралните средини во различни ниво од општествениот живот.

Целна група: жени и девојки од селата Горобинци-општина Свети Николе, Иванковци-општина Велес и Корешница-општина Демир Капија, локалните чинители од овие општини

Активности и резултати: 36 жени и девојки од таргетираните рурални средини, запознаени со основните човековите права, поголема свесност за родовата еднаквост, родовите односи, дискриминацијата базирана врз база на родот и унапредување и заштита на човековите права. Овој проект започна со реализација од септември 2019 година, а останатиот дел од активностите ќе биде реализиран во 2020 година.



*Проектот финансиски е поддржан од The Kvinna till Kvinna Foundation, Стокхолм-Шведска*




- **16 дена активизам против родово базирано насилство**

Светската портокалова кампања против секаков вид на насилството врз жени и девојчиња – 16 дена активизам, која започнува од 25ти ноември-Меѓународниот ден против семејно насилство, а завршува на 10ти Декември-Меѓународниот ден на човековите права, ОЖОСВН ја одбележува секоја година преку различни активности. Оваа година, оваа кампања беше организирана здружено, на локално ниво. Работната група која се формираше по повод реализирање на кампањата Свети Николе во розово, здружено и солидарно ја поддржа и реализира и оваа кампања и придонесоа кон поголема видливост на жените и подигање на свеста за превенција и справување со родово базирано насилство. Претседателката на КЕМЖМ, координаторката за еднакви можности, претставнички од Организација на жените на општина Свети Николе,

Граѓанска иницијатива на жени, актив на жени при Здружение на пензионери, претставнички од Унија на жени на ВМРО и Форум на жени СДСМ, претставнички од локалните образовни институции, беа дел од целата кампања, а кон истата се приклучија и свој придонес дадоа и претставници од МВР ПС Свети Николе, Центар за социјални грижи и Основниот суд Свети Николе и Здравствениот дом.

Во рамките на кампањата за време на нејзиното траење, беа организирани најразлични активности од сите вклучени чинители, јавна седница на КЕМЖМ Свети Николе, трибина за учениците од 5то до 9то одделение за меѓуврсничко насилство, трибина за меѓусекторка соработка итн. Исто така, се организираше онлајн кампања која беше помогната од волонтерите на ОЖОСВН, а се состоеше од едукативни и информативни пораки на социјалните медиуми и се изработи видео со пораки од познати личности од Свети Николе со различни професии, кое беше објавувано во текот на кампањата по електронските медиуми.



Организација на жените на општина Свети Николе како програмска активност во рамки на заштита на човековите (женски) права и оваа кампања, годинава, организира настан од едукативен карактер на тема: „Асертивна Јас" - Психолошко насилство кон жените во современото живеење и асертивност како еден од можните НЕнасилни одговори. Едукативната трибина се реализираше на 29 ноември во големата сала на општина Свети Николе, а истата ја водеше Елисавета Секуловска, лиценциран психолог, психолошки советник, психотерапевтка и сертифицирана обучувачка за асертивна комуникација. На трибината присуствуваа 50 лица-претставници од локалните институции и организации, државните органи, политички партии и општа популација.




На самата кампања целосна логистичка и финансиска поддршка даде општина Свети Николе, а општинската зграда беше осветлена со портокалови светла во текот на сите 16 дена. Исто така, ОЖОСВН, во рамките на 16 дена активизам, беше дел и од кампањата „Ние велиме“ (#WeSay) која ја иницираа The Kvinna till Kvinna Foundation и EuroMed Rights заедно со останатите партнерски организации, а со цел здружување на женското движење за постигнување поголеми промени и родово еднакво општество.



- Во рамките на Програмата за човекови права, на 21 и 22 ноември во Холидеј Ин, Скопје, ОЖОСВН беше дел од регионалната конференција насловена: „Улога на жената во сочувувањето на мирот и безбедноста-Резолуција 1325-Основа за акција“. Конференцијата беше организирана и поддржана од НЕКСУС Граѓански концепт, Институтот за родови студии при филозофскиот факултет УКИМ во Скопје, НАТО Јавна дипломатија од Брисел и ЦИВИКА Мобилитас.Претседателката на ОЖОСВН, Даниела Панева, имаше свое излагање на вториот ден од конференцијата во панел дискусијата на тема: Ангажираноста на НВОи во имплементација на Резолуцијата 1325 и важноста од инволвираност на НВОи во имплементирање на активности на тема жени, мир и безбедност.

## Мрежи, вмрежување, соработка

Годинава ОЖОСВН стана дел од две нови национални мрежи: Национална мрежа на социјални претпријатија и Ромска асоцијација на жени и млади „ЛУЛУДИ“.

Националната мрежа на социјални претпријатија беше иницирана да се формира од Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик" која е основач на мрежата, а ОЖОСВН заедно со уште 9 други социјални претпријатија се приклучија кон истата. Мрежата има за цел да ги здружи сите социјални претпријатија, како и сите клучни актери кои имаат заедничка визија за развојот на социјалното претприемаштво во земјава и да создаде платформа за заедничко дејствување базирано на вредности. Основањето на мрежата беше официјално промовирано на 15ти мај во Скопје, а на настанот сите членови потпишаа Декларација во која се дефинирани клучните аспекти на дејствување на мрежата.

Преку членството во Платформа за родова еднаквост, ОЖОСВН ги следи сите промени и случувања на национално ниво во врска со родовите прашања, родовата рамноправност и правата на жените и нивните прекршувања. Во таа насока, изминатата година бевме дел од третиот по ред марш по повод Меѓународниот ден на жената под слоганот „Дали е среќен 8 Март?“, упативме реакции, препораки и забелешки во однос на Законот за прекин на бременоста, Закон за спречување и заштита од дискриминација и други документи за јавни политики. Упативме реакција до донатори кои не поддржуваат или воопшто не ги ставаат женски организации и организации кои работат со жени во нивните програми, како и до министерството за образование во врска со дискриминаторските и сексистички содржини во учебниците за основно и средно образование итн.



Преку членството во ЛУЛУДИ во изминатата година 7 организации од мрежата работеа на мониторинг за спроведување на CEDAW и Истанбулската Конвенција и подготовка на национален мониторинг извештај кој ќе биде дел од регионалниот мониторинг извештај и се реализираше истражување за жени ромки, а во општина Свети Николе беа реализирани 20 анкетни прашалници. На 19 септември во Белград, Србија се одржа завршната регионална конференција "Unifying the voices for Ending Violence Against Women", каде што се презентираше регионалниот извештај за усогласеноста на CEDAW и Истанбулската конвенција во однос на дискриминацијата на жените Ромки во областа на здравствената заштита, рани, малолетнички бракови и понудата на поддршка и заштита на жените Ромки во случаи на семејно насилство. Регионалниот извештај е подготвен врз основа на национални извештаи од четири земји на Западен Балкан (Србија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина). Националниот извештај на Македонија е иницирам и предводен од страна на РАЖМ Лулуди, а подготвен од страна на формираната мрежа од организации и индивидуалци: Организација на жените на општина Свети Николе, Кризен Центар „Надеж", Иницијатива на жени од Шуто Оризари, Новинари за човекови права, Терно Вас од Берово, Женска граѓанска иницијатива „Клеа" од Битола и експертките Гордана Несторовска и Даниела Антоновска.





- **Изборно Собрание**



На ден 13.8.2019 година со почеток во 19 часот во салата на општина Свети Николе се одржа Изборното Собрание на Здружението Организација на жените на општина Свети Николе. На Собранието присуствуваа вкупно 32 лица, членови на Собрание, Управен и Надзорен одбор, членови и поддржувачи на здружението. Изборното Собрание го отвори и со седницата претседаваше Даниела Панева, актуелна претседателка на Здружението, на која и беше укажана доверба и даден втор мандат да го претставува и застапува здружението, кое континуирано постои и активно работи 29 години. Во тек на Собранието покрај презентирање на наративниот и финансов извештај за 2018 година, се избра и нов состав на управувачката структура на здружението составена од претставници од локалните институции, организации и приватниот бизнис сектор, со кои се надеваме во иднина ќе се остварат и други видови соработка во интерес на нашите целни групи и конституенти.

# Финансов извештај по завршна сметка за 2019 година

## ПРИХОДИ:

Класа 7

| Година | 2019 |
|---|---|
| 7301 Приходи од членарина | 28.212 |
| 7304 Приходи од донации<br>EIDHR – 1.280.188 ден.<br>ЦИКП – 49.776 ден.<br>Локална Самоуправа -150.000 ден.<br>Kvinna till Kvinna -999.718 ден. | 2.479.682 |
| 7310 Приходи од други извори | 33.280 |
| 7506 Приходи од други услуги | 32.902 |
| 7700 Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 1.408.477 |
| **Вкупно Приходи** | **3.982.553** |

## РАСХОДИ:

Класа 4

| | |
|---|---|
| **400 Потрошени материјали** | **49.692** |
| 4002 Потрошени материјали за огрев, гориво и мазиво | 7.300 |
| 4003 Потрошени прехренбени артикли | 28.758 |
| 4004 Потрошени канцелариски материјали | 6.007 |
| 4006 Потрошени други материјални средства | 755 |
| 4008 Потрошена вода | 6.872 |
| **401 Потрошена енергија** | **22.173** |
| 4011 Потрошена електрична енергија | 20.054 |
| 4014 Персонален данок за струја | 2.119 |
| **403 Други услуги** | **31.569** |
| 4031 Потрошени телефонски услуги | 24.981 |
| 4034 Печатарски услуги | 3.610 |
| 4035 Други непроизводствени услуги | 768 |
| 4037 ПТТ услуги | 320 |
| 4038 Обнова на домен за веб страна | 1890 |
| **404 Превозни –транспортни услуги** | **139.638** |
| 4041 Превозни услуги во патниот сообраќај | 109.318 |
| 4043 Превозни услуги во воздушниот сообраќај | 29.400 |
| 4044 Други транспортни услуги | 920 |
| **408 Наемнини** | **80.004** |
| 4080 Наемнини- кирија | 80.004 |
| **409 Други материјални расходи** | **101.333** |
| 4091 Судски и административни такси | 320 |
| 4097 Набавка на ортопедски помагала | 20.475 |

| | |
|---|---|
| 4098 Набавка на токен | 1.680 |
| 4099 Трошоци по проект | 78.858 |
| **410 Провизија за платен промет** | **21.951** |
| 4100 Банкарска провизија | 20.896 |
| 4101 Банкарска провизија за прилив на девизи | 1.055 |
| 415 Негативни курсни разлики | 179 |
| **416 Членарини** | **4.000** |
| 4161 Членарини во сојузи | 4.000 |
| **417 Интелектуални и други услуги** | **904.374** |
| 4172 Договорни услуги за повремени услуги | 898.374 |
| 4177 Други интелектуални услуги | 6.000 |
| **460 Вкалкулирани плати** | **858.346** |
| 4602 Нето плати на вработени | 570.376 |
| 4603 Персонален данок на плати на вработени | 51.816 |
| 4604 Придонеси на плати на вработени | 236.154 |

## Обврски

| | |
|---|---|
| 2200 Обврски спрема добавувачи | 6.169 |
| **Вкупно** | **6.169** |

## Побарувања

| | |
|---|---|
| 1201 Купувачи во земјата | 180 |
| **Вкупно** | **180** |

| | |
|---|---|
| Вкупно Приходи | 3.982.553 |
| Вкупно Расходи | 2.213.259 |
| Благајна салдо | 312 |
| Салдо на жиро сметка | 1.688.462 |
| Салдо на девизна сметка | 80.520 |

## Организација на жените на општина Свети Николе

